АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 24.11.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 10 | 4277 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 ноември 2021 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 24 ноември 2021 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (трговските радиодифузни друштва се обврзани дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 25 август 2021 година, за непочитување на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-340 од 25 август 2021 година)* на Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово.

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (27.08.2021 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, емитуван на 5 ноември 2021 година,

на регионално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 став 3** од **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***